424 Поправки и тековно одржување	500.000	500.000	0	0	0	0	0	0	0	0	500.000	500.000
425 Договорни услуги	150.000	150.000	0	0	0	0	0	0	0	0	150.000	150.000
426 Други тековни расходи	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0

Програма Потпрограма Категорија Ставка О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофин. активности		Расходи од донации		Расходи од дотации		Расходи од кредити		В К У П Н О	
	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
V1 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ	**250.000**	**250.000**	**19.000.000**	**19.368.190**	**0**	**300.000**	**38.950.000**	**39.031.065**	**0**	**0**	**58.200.000**	**58.949.255**
ПРИХОДИ :												
V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ	**250.000**	**250.000**	**19.000.000**	**19.368.190**	**0**	**300.000**	**38.950.000**	**39.031.065**	**0**	**0**	**58.200.000**	**58.949.255**
РАСХОДИ												
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**32.609.868**	**31.109.868**	**0**	**0**	**32.609.868**	**31.109.868**
401 Основни плати	0	0	0	0	0	0	23.805.204	22.705.204	0	0	23.805.204	22.705.204
402 Придонеси за социјално осигурување	0	0	0	0	0	0	8.804.664	8.404.664	0	0	8.804.664	8.404.664
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**250.000**	**250.000**	**14.040.000**	**14.408.190**	**0**	**300.000**	**6.340.132**	**7.221.197**	**0**	**0**	**20.630.132**	**22.179.387**
420 Патни и дневни расходи	0	0	60.000	60.000	0	0	0	0	0	0	60.000	60.000
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	0	0	2.220.000	2.220.000	0	0	4.320.132	4.620.132	0	0	6.540.132	6.840.132
423 Материјали и ситен инвентар	100.000	100.000	10.090.000	10.090.000	0	300.000	0	0	0	0	10.190.000	10.490.000
424 Поправки и тековно одржување	50.000	50.000	1.000.000	1.368.190	0	0	1.120.000	1.420.000	0	0	2.170.000	2.838.190
425 Договорни услуги	100.000	100.000	450.000	450.000	0	0	900.000	1.181.065	0	0	1.450.000	1.731.065
426 Други тековни расходи	0	0	220.000	220.000	0	0	0	0	0	0	220.000	220.000
427 Привремени вработувања	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**0**	**0**	**4.960.000**	**4.960.000**	**0**	**0**	**0**	**700.000**	**0**	**0**	**4.960.000**	**5.660.000**
480 Купување на опрема и машини	0	0	1.400.000	1.400.000	0	0	0	0	0	0	1.400.000	1.400.000
482 Други градежни објекти	0	0	1.560.000	1.560.000	0	0	0	700.000	0	0	1.560.000	2.260.000
483 Купување на мебел	0	0	1.000.000	1.000.000	0	0	0	0	0	0	1.000.000	1.000.000
486 Купување на возила	0	0	1.000.000	1.000.000	0	0	0	0	0	0	1.000.000	1.000.000
V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ	**250.000**	**250.000**	**19.000.000**	**19.368.190**	**0**	**300.000**	**38.950.000**	**39.031.065**	**0**	**0**	**58.200.000**	**58.949.255**
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**32.609.868**	**31.109.868**	**0**	**0**	**32.609.868**	**31.109.868**
401 Основни плати	0	0	0	0	0	0	23.805.204	22.705.204	0	0	23.805.204	22.705.204
402 Придонеси за социјално осигурување	0	0	0	0	0	0	8.804.664	8.404.664	0	0	8.804.664	8.404.664
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**250.000**	**250.000**	**14.040.000**	**14.408.190**	**0**	**300.000**	**6.340.132**	**7.221.197**	**0**	**0**	**20.630.132**	**22.179.387**
420 Патни и дневни расходи	0	0	60.000	60.000	0	0	0	0	0	0	60.000	60.000
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	0	0	2.220.000	2.220.000	0	0	4.320.132	4.620.132	0	0	6.540.132	6.840.132
423 Материјали и ситен инвентар	100.000	100.000	10.090.000	10.090.000	0	300.000	0	0	0	0	10.190.000	10.490.000
424 Поправки и тековно одржување	50.000	50.000	1.000.000	1.368.190	0	0	1.120.000	1.420.000	0	0	2.170.000	2.838.190
425 Договорни услуги	100.000	100.000	450.000	450.000	0	0	900.000	1.181.065	0	0	1.450.000	1.731.065
426 Други тековни расходи	0	0	220.000	220.000	0	0	0	0	0	0	220.000	220.000
427 Привремени вработувања	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0

Програма Потпрограма Категорија Ставка О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофин. активности		Расходи од донации		Расходи од дотации		Расходи од кредити		В К У П Н О	
	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**0**	**0**	**4.960.000**	**4.960.000**	**0**	**0**	**0**	**700.000**	**0**	**0**	**4.960.000**	**5.660.000**
480 Купување на опрема и машини	0	0	1.400.000	1.400.000	0	0	0	0	0	0	1.400.000	1.400.000
482 Други градежни објекти	0	0	1.560.000	1.560.000	0	0	0	700.000	0	0	1.560.000	2.260.000
483 Купување на мебел	0	0	1.000.000	1.000.000	0	0	0	0	0	0	1.000.000	1.000.000
486 Купување на возила	0	0	1.000.000	1.000.000	0	0	0	0	0	0	1.000.000	1.000.000

Програма Потпрограма Категорија Ставка	О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофин. активности		Расходи од донации		Расходи од дотации		Расходи од кредити		В К У П Н О	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
VA	**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**	**170.000**	**70.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**170.000**	**70.000**
ПРИХОДИ :													
VA0	**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**	**170.000**	**70.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**170.000**	**70.000**
РАСХОДИ													
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**170.000**	**70.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**170.000**	**70.000**
480	Купување на опрема и машини	170.000	70.000	0	0	0	0	0	0	0	0	170.000	70.000
VA0	**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**	**170.000**	**70.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**170.000**	**70.000**
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**170.000**	**70.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**170.000**	**70.000**
480	Купување на опрема и машини	170.000	70.000	0	0	0	0	0	0	0	0	170.000	70.000

Програма Потпрограма Категорија Ставка О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофин. активности		Расходи од донации		Расходи од дотации		Расходи од кредити		В К У П Н О	
	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
W0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА	**3.270.000**	**3.039.760**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.314.000**	**10.314.000**	**0**	**0**	**13.584.000**	**13.353.760**
ПРИХОДИ :												
W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА	**3.270.000**	**3.039.760**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.314.000**	**10.314.000**	**0**	**0**	**13.584.000**	**13.353.760**
РАСХОДИ												
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**509.100**	**574.768**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.314.000**	**10.314.000**	**0**	**0**	**10.823.100**	**10.888.768**
401 Основни плати	374.100	259.100	0	0	0	0	7.176.464	7.176.464	0	0	7.550.564	7.435.564
402 Придонеси за социјално осигурување	135.000	315.668	0	0	0	0	3.137.536	3.137.536	0	0	3.272.536	3.453.204
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**2.395.900**	**2.210.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2.395.900**	**2.210.000**
420 Патни и дневни расходи	50.000	110.000	0	0	0	0	0	0	0	0	50.000	110.000
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1.270.000	1.250.000	0	0	0	0	0	0	0	0	1.270.000	1.250.000
423 Материјали и ситен инвентар	450.000	625.000	0	0	0	0	0	0	0	0	450.000	625.000
424 Поправки и тековно одржување	400.000	100.000	0	0	0	0	0	0	0	0	400.000	100.000
425 Договорни услуги	117.000	90.000	0	0	0	0	0	0	0	0	117.000	90.000
426 Други тековни расходи	108.900	35.000	0	0	0	0	0	0	0	0	108.900	35.000
46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ	**365.000**	**254.992**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**365.000**	**254.992**
464 Разни трансфери	365.000	254.992	0	0	0	0	0	0	0	0	365.000	254.992
W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА	**3.270.000**	**3.039.760**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.314.000**	**10.314.000**	**0**	**0**	**13.584.000**	**13.353.760**
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**509.100**	**574.768**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.314.000**	**10.314.000**	**0**	**0**	**10.823.100**	**10.888.768**
401 Основни плати	374.100	259.100	0	0	0	0	7.176.464	7.176.464	0	0	7.550.564	7.435.564
402 Придонеси за социјално осигурување	135.000	315.668	0	0	0	0	3.137.536	3.137.536	0	0	3.272.536	3.453.204
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**2.395.900**	**2.210.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2.395.900**	**2.210.000**
420 Патни и дневни расходи	50.000	110.000	0	0	0	0	0	0	0	0	50.000	110.000
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1.270.000	1.250.000	0	0	0	0	0	0	0	0	1.270.000	1.250.000
423 Материјали и ситен инвентар	450.000	625.000	0	0	0	0	0	0	0	0	450.000	625.000
424 Поправки и тековно одржување	400.000	100.000	0	0	0	0	0	0	0	0	400.000	100.000
425 Договорни услуги	117.000	90.000	0	0	0	0	0	0	0	0	117.000	90.000
426 Други тековни расходи	108.900	35.000	0	0	0	0	0	0	0	0	108.900	35.000
46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ	**365.000**	**254.992**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**365.000**	**254.992**
464 Разни трансфери	365.000	254.992	0	0	0	0	0	0	0	0	365.000	254.992

Програма Потпрограма Категорија Ставка О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофин. активности		Расходи од донации		Расходи од дотации		Расходи од кредити		В К У П Н О	
	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс
WA ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)	**840.000**	**430.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**840.000**	**430.000**
ПРИХОДИ :												
WA0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)	**840.000**	**430.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**840.000**	**430.000**
РАСХОДИ												
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**840.000**	**430.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**840.000**	**430.000**
480 Купување на опрема и машини	440.000	30.000	0	0	0	0	0	0	0	0	440.000	30.000
482 Други градежни објекти	400.000	400.000	0	0	0	0	0	0	0	0	400.000	400.000
WA0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)	**840.000**	**430.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**840.000**	**430.000**
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**840.000**	**430.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**840.000**	**430.000**
480 Купување на опрема и машини	440.000	30.000	0	0	0	0	0	0	0	0	440.000	30.000
482 Други градежни објекти	400.000	400.000	0	0	0	0	0	0	0	0	400.000	400.000

259.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2012/2013 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2012/2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2012 година.

Број 08-6402/2
22.11.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2012/2013 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2012/2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6278/2
15.11.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Согласно член 34 од Законот за јавните патишта (“Службен весник на РМ” бр.84/08, 52/09 и 114/09), а врз основа на член 12 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата (“Службен весник на РМ” бр.54/07, 84/07, 86/08, 98/08, 106/08 и 64/09), член 2, од Законот за јавна чистота (“Службен весник на РМ” бр.111/08 и 64/09), член 9 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр.36/04, 49/04 и 86/08 и 114/09) и член 5 од Законот за управување со кризи (“Службен весник на РМ” бр.29/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 15.11.2012 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2012/2013 година

Со оваа Програма се уредуваат работите за зимското одржување на локалните патишта и улиците, делниците од магистралните и регионалните патишта кои минуваат низ населените места, а се изградени како улици, како и работите за одржување на комуналните објекти, тротоарите (и велосипедските патеки) на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2012/2013 година.

Јавни патишта на подрачјето на Општина Велес се локалните патишта и улиците. Во улици спаѓаат и делниците од магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици.

I. Работи на зимско одржување на локалните патишта и улиците се:

- чистење снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки;
- посипување на коловозот со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот;
- предвидување превентивно-заштитни мерки во високата зона на градот во смисла на поставување на ракохвати по тесните стрмни улички и сл;

Работите на зимското одржување на локалните патишта и улици се изведуваат на начин кој има за цел да обезбеди постојана проодност во зависност од утврдениот приоритет произлезен од категоријата и значајот на локалниот пат или улица.

По исклучок кога работите на локалниот пат и улица неможат да се изведат под сообраќај, Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Велес привремено, делумно или во целост ќе го запре сообраќајот и ќе утврди по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот, по претходно известување во рок од 48 часа на корисниците на јавниот пат и улица

преку средствата за јавно информирање.

Ако поради снег, голомразица или други причини сообраќајот на локалниот пат или улица е отежнат или безбедноста на сообраќајот е значително загрозена, надлежниот општински орган ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките, а ако не е во состојба да ги отстрани пречките ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила, по претходно прибавена согласност од Министерството за транспорт и врски, односно надлежниот орган во Општината.

Во случаите кога прекинот на сообраќајот трае подолго од два часа надлежниот орган на Општината ќе ја извести јавноста преку средствата за информирање

Надлежниот орган на Општината со сообраќајни знаци и на друг погоден начин ќе ги означи условите и ќе утврди режим на сообраќај на локалниот пат или улица, во сите случаи кога постојат околности кои можат да го загрозат безбедното одвивање на сообраќајот.

Во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат поради елементарни непогоди (снежни лавини, одрони од поголем обем или од други причини) надлежниот орган на општината ќе постапи врз основа на посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, што го донесува Советот на Општината.

II. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат надлежните општински органи со следните обврски:

1. Совет на Општина Велес

-донесува Програма за зимско одржување;

- донесува Посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

2. Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина:

- го организира чистењето на снег и мраз од коловозот на локалните патишта и улиците, делниците од магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици; комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки, како и посипувањето на коловозот со сол или абразивни средства;

- привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот кога работите неможат да се изведат под сообраќај;

- во рок од 48 часа пред запирањето на сообраќајот ги известува корисниците на локалниот пат и улица преку средствата за јавно информирање;

- презема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или значителна загрозеност на безбедноста на сообраќајот или за запирање на сообраќајот на одредени делници или во целина по претходно прибавување на согласност од надлежниот државен или општински орган;

- ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање за прекин подолг од два часа;

- постапува согласно Посебниот план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, во случај на прекин на сообраќајот поради елементарни непогоди.

3. Комунален инспектор:

- надзор и контрола на чистењето на јавно-прометните површини во зимскиот период.

4. Инспектор за сообраќај и патишта:

- надзор и контрола над целокупната состојба на локалните патишта и улици.

5.Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата:

- масовна едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај.

6.Општински штаб за заштита и спасување:

- активно учество во изготвувањето на Програмата, следење на нејзиното спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период заради благовремено преземање на превентивни мерки за заштита и спасување, како и конкретни активности за соодветна дообука и подготвеност на екипите-лицата од населените места кои што ќе вршат чистење и посолување.

III. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат и други органи и институции и претпријатија со следните задачи:

1. Државен инспектор за патишта:

- надзор и контрола над мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

2. Регионален центар за управување со кризи:

- се вклучува во извршувањето на Програмата во делот на информативниот систем за зимското одржување, и тоа само со помош на својата развиена радиостанична мрежа на подрачјето на Општината.

3. Сообраќајна полиција:

- покрај извршувањето на работите од својата надлежност, таа е еден од првичните извори на информации од теренот за состојбата на патиштата.

4. Јавно претпријатие за одржување на патишта “Македонија пат” Скопје - Подружница Велес:

- ја извршува Програмата во целост во делот на улиците кои се определени како дел од регионален пат, а за локалните патишта и улици во висина на доверените работи согласно склучениот договор со ЕЛС Општина Велес - Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина и во согласност со постапките на зимското одржување на магистралните и регионалните патишта.

Јавното претпријатие за одржување на патишта “Македонија пат” согласно Програмата за зимско одржување на магистрални и регионални патишта има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и тоа само во делот на коловозната конструкција и сообраќајната сигнализација што е во функција на јавниот (регионален) пат.

У л и ч н а мрежа:

1. „Димитар Влахов”.	1,45 км.
2. „Кресненско Востание”(„Иво Лола Рибар”)	0,05 км.
3. „Петре Прличков”	0,20 км.
4. „Анѓел Мишев”(„Нишка”) . . .	0,15 км.
5. Стар Мост	0,06 км.
6. „Димко Најдов”	1,00 км.
7. „Илинденска”	0,15 км.
8. „8-ми Септември” – дел(„Маршал Тито” – дел)	0,59 км.
9. „Благој Ѓорев”	2,20 км.
10.„Гоце Делчев”	0,20 км
11.„Страшо Пинџур”	0,20 км
12. „Алексо Демниевски” до спојот со „АСНОМ” („Моша Пијаде”) . . .	.0,60 км
13. „АСНОМ” („Моша Пијаде”) до спојот со „Андон Шурков”	.0,40 км
14. „Андон Шурков”	0,80 км
В к п н о: . .	**8,05 км.**

Изведувачот кој што претходно ќе биде избран во постапка на спроведен тендер, согласно склучениот договор за зимско одржување на локални патишта и улици ќе има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и локални патишта:

У л и ч н а мрежа

1. „Вардарска”	0,85 км.
2. „Н.Н.Борче”	0,20 км.
3. „Алексо Демниевски” од спојот со ул.„АСНОМ” („Моша Пијаде”) до Железничка станица. .	0,50 км.
4. „Борис Трајковски”(„Ленинова”) .	0,70 км.
5. „11-ти Октомври”. . . .	0,20 км.
6. „Кумановска”	0,60 км.
7. „Тодор Христов Офицерчето” („Народен Фронт”). . . .	0,20 км.
8. „Орце Мартинов”до спојот со „Самоборска”	0,20 км.
9. „Самоборска”	0,25 км.
10. „Тодор Јанев” до спојот со „Костурска” .	0,40 км.
11. „Костурска”	0,87 км.
12. „Васил Ѓоргов” (цела до Којник) .	0,70 км.
13. „8-ми Септември” („М.Тито”) (до спој со ул. „Димко Најдов“) . . .	0,21 км.
14. „Лазо Осмаков”	0,25 км.
15. „Луј Пастер”	1,00 км.
16. „Др.Христо Татарчев”(„Марксова”) . .	.0,40 км.
17. „Никола Карев”	0,30 км.
В к у п н о:	**7,83 км.**

Локални патишта

1. „Р-103”- с.Башино Село . . .		0,70 км.
2. „Р-103”-с.Отовица-с.Сујаклари - с.Кумарино - Јазла . . .		8,10 км.
3. ул.„Вардарска” – „Р-103”(заобиколен пат Велес - Башино Село) . .		2,80 км.
4. „Р-526” - с.Горно Оризари - с.Клуковец .		1,40 км.
5. „М-5”-пат кон с.Д.Караслари . .		0,60 км.
6. „Р-526” - с.Мамутчево - с.Иванковци.	1	0,00 км
7. „Р-103”- с.Црквино		3,47 км.
8. Велес - Нови Гробишта . . .		2,00 км.
9. Оризари (пристапен пат до новата уч. зграда)		0,30 км.
В к у п н о: . .		**29,37 км.**

5. Заради потребата од ефикасно чистење на снегот, а имајќи ја во предвид ангажираноста на “Македонија пат” во чистење на патиштата од повисока категорија можна е потреба од дополнително ангажирање на други градежни машини, за што потребата ја утврдува надлежниот орган на општината. Другите градежни машини ќе бидат ангажирани од соодветни претпријатија за чистење и оспособување на асфалтните коловозни површини по претходно склучен договор врз основа на Законот за јавни набавки за следните локални патишта:

1.Нови Гробишта - с.Раштани - с.Бузалково-с. Сливник.....	10,00 км.
2.„Р-103”-Нас.Дурутовец - с.Чолошево …….. .	3,20 км.
В к у п н о: . .	**13,20 км.**

6. ЈКП”Дервен” се ангажира во зимското одржување на улиците согласно со Програмата за чистење на јавно-прометни површини и оваа Програма за следниве улици:

1. „Ј.Х.К.Џинот”(до спојот со „Прохор Пчински”)	0,40 км.
2. „Прохор Пчински”	0,50 км.
3. „Архиепископ Михаел” („Владимир Назор”)	0,90 км.
4. „Кирил и Методиј”	0,50 км.
5. „Илинденска” само тротоарите на мост „Гемиџии”	
6. „8-ми Септември” („М.Тито”) . .	0,80 км.
6.1.тротоарот на левата страна: -од „Сармаале”до С.Куќа -Стопанска банка до С.Мост и Стар Мост	
7. „Благој Ѓорев”	2,20 км.
7.1.тротоарот на левата страна: -од Пошта до спој со ул.„Шефки Сали” -од ул.„Љубљанска” до влезот на Касарната	
7.2.тротоарот на десната страна: -од Домот на АРМ до влезот на Касарната	
8. „Алексо Демниевски” . . .	1,10 км.
8.1.тротоарот од двете страни: -од почетокот до зградата на Општина Велес	
9.„Мало Мовче”	0.07 км
10.Пешачки надвозник на битолска пруга	0.04 км

IV. Во зимското одржување на локалните патишта, улици и други комунални објекти ќе се вклучат и:

1. ЕВН Македонија КЕЦ Велес:

-ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации, приодите и непосредната околина околу трафостаниците и другите уреди.

2. АД "Македонски телекомуникации"

Регионален центар за телекомуникации - Велес:

- ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ПТТ инсталации и уреди на телефонските говорници.

3. Превозниците во јавниот превоз (градски и приградски):

-преземаат потребни мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуските стојалишта и нивно оспособување за користење.

4. Граѓаните:

-го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите станбени згради и индивидуални куќи, а исто така и од покривите и терасите водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

5.Сопствениците и корисниците на деловни објекти и дуќани:

-го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите деловни објекти и дуќани, при тоа водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

6. Други учесници:

-единиците на Дирекцијата за заштита и спасување, месните и урбани заедници, ученици и студенти и други екипи, како и сите други, во услови на прогласена елементарна непогода заедно дејствуваат според посебниот План за отстранување на последиците од елементарни непогоди донесен од страна на Советот на Општината.

7. Урбани и месни заедници во Општината:

- се должни да преземат одговорност во смисла: да го известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот за остранувањето на снежните наноси, при тоа да ги активираат граѓаните од таа МЗ за да можат во договор со Општина Велес - Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина да преземаат конкретни работни задолженија и обврски во зимското одржување на патната мрежа, заради што поодделни месни заедници може да подигнат, складираат, чуваат и наменски да користат одредено количество на индустриска сол, со можност од задолжително учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посолувањето .

8.Сите учесници во извршувањето на доверените работи од зимското одржување на јавната патна мрежа, се должни до надлежниот општински орган да достават оперативна програма за својата подготвеност и опременост со механизација и извршители.

Број 07-6278/2
15.11.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина
м-р Славчо Чадиев с.р.

260.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2013 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2012 година.

Број 08-6402/3
22.11.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2013 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6278/3
15.11.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2013 година

Развојни приоритети и цели:

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ), во текот на 2013 година ќе бидат насочени кон:

-Развој на инфраструкурата и подобрување на условите за работа во индустриските зони УЗУС, Мало Стопанство и Речани 2,

-Развој на инфраструкурата и подобрување на туристичките можности на Езеро Младост,

-Реализација на Програмата за енергетска ефикасност и

-Поддршка на програмските активности планирани во програмата за Поддршка на претприемништвото, малите и семејни бизниси и иновативноста,

-Продолжување на тековните проекти започнати претходната година поврзани со информатичките услуги, интеграцијата на постојните ИТ системи и подобрувањето на работата на Градоначалникот, Советот на Општина Велес и администрацијата.

Проектни активности

Генерално, проектите на Општина Велес во областа на ЛЕР и ИТ ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, нејзин организациски развој и зајакнување на капацитетите и ќе обезбедат подобри услуги кон граѓаните, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети.

Предвидените проекти, генерално можат да се групираат во:

Г10) Поддршка на локалниот економски развој

Р.бр.	**Проект**	**Предвидени средства (мкд)**
1.	По **д**дршка на **Ц** ентарот за регионален развој на Вардарскиот плански регион	580.000
2.	Поддршка на активностите предвидени во Програмата за претприемништвото, семејните и малите бизниси и иновативноста	600.000
3.	Ревизија на Студијата за економски развој на општина Велес / Донесување на нова стратегија за економски развој	750.000
ВКУПНО:		**1.930.000**

Г20) Поттикнување на развојот на туризмот

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Развој на прогр ама за туристичка промоција на Општина Велес	600.000
2.	Настап на саемски манифестации	500.000
3.	Подготовка и печатење на рекламен материјал	300.000
4.	Други непланирани промотивни активности	150.000
ВКУПНО:		**1.550.000**

ГА) Изградба на комерцијални објекти

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Имплементација на мерки за енергетска ефикасност	800.000
2.	Доизградба на инфраструктура на Езеро Младост	3.000.000
3.	Доизградба на инфраструктура во индустриска зона Речани 2.	500.000
4.	Доизградба на инфраструктура во индустрриска зона УЗУС мало стопанство	2.400.000
5.	Изградба на инфраструктура во нови индустриски зони	2.000.000
ВКУПНО:		**8.700.000**

Информатичка технологија

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Купување на информартичка опрема – хардвер	2.800.000
2.	Развој на нови услуги и функционалности на платформата за електронски услуги вклучувајќи систем за управување со корисници и следење на пред мети – 3 фаза /	1.250.000
3.	Усогласување со пр оцедурата за воведување на размена на податоци и документи по слу жбена должност - едношалтерски систем (интероперабилност)	1.000.000
4.	Трошоци за одржување на апликации од трети лица и хостирање (sone t / marnet / edusoft / mbs / euronetcom / neocom…)	650.000
5.	Развој на нови функционалности на интегрирано решение за работа на Советот на Општина Велес и електронско одвивање на седниците на совет	550.000
6.	Набавка на софтвер и лиценци	480.000
7.	Тековно одржување на хардвер и софтвер	580.000
8.	Специјалистички обуки	300.000
9.	Проширување на зоната за слободен пристап до интернет и замена на постојните интернет пристапни точки со нова технологија	280.000
10.	Сертификација на информатич киот систем според стандардите на ISO/IEC 27001	850.000
11.	Подготовка на техничка докум ентација за поставување на пристапни точки / интернет киосци	600.000
ВКУПНО:		**9.340.000**

Финансирање

Предвидените проектни активности во рамките на оваа Програма во вкупна вредност од 21.520.000 ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2013 година.

Распоредување на буџетските средства

Активностите од оваа Програма се финансираат од Буџетот на општината.

Завршни одредби

Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој при Советот на Општина Велес, го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6278/12
15.11.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

261.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2013 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2012 година.

Број 08-6402/4
22.11.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2013 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6278/4
15.11.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ “ бр. 5/02) , член 5 од Законот за пожарникарство („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04) член 2 од Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/05), член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 15.11.2012 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2013 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи ги утврдува заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Велес во 2013 година овие активности ќе ги остварува преку:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување,
- Просторните сили за заштита и спасување
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Велес
- Територијалната противпожарна единица која дејствува на територијата на Општина Велес, а ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско, кои не формираат сопствена противпожарна единица.

Со цел за навремено, ефикасно и организирано спроведување на активностите од областа на заштитата и спасувањето, Општина Велес и во 2013 година ќе продолжи со континуирана соработка со надлежните државни органи од областа на заштитата и спасувањето и тоа:

Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерството за одбрана, Противпожарниот сојуз на Република Македонија и други надлежни органи и тела.

Програма Потпрограма Категорија Ставка	О П И С	Буџетски расходи		Расходи од самофин. активности		Расходи од донации		Расходи од дотации		Расходи од кредити		В К У П Н О	
		Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општината за 2012 година влегуваат во сила со денот на објавување во " Службен гласник на Општината".

Број 07-6278/1
15.11.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев

I. Цели:

-заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;

-заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;

-создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;

-обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;

-обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита

II. Активности:

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Велес во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Велес и соседните општини.

III. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

-Средства од Буџетот на РМ;

-Средства од буџетот на Општина Велес;

-Наплатени премии од осигурување на имот од пожари;

- Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;

-Средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;

-Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;

-Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица и

-Приходи од други општини

IV. Распоредување на финансиските средства:

Приходи за противпожарна заштита, заштита и спасување и управување со кризи:

	Приходи	
1.	**Наменска дотација**	
2.	**Наплатени премии од каско осигурување**	**1.250.000**
3.	**Буџет на Општина Велес**	
4.	**Приходи од сопствени извори на ТППЕ**	**30.000**
5.	**Приходи од други општини**	**300.000**
6.	**Вкупно:**	

А.) Расходи за противпожарна заштита:

1.	**Плати,наемнини и надоместоци за вработените**	
2.	**Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**	**1.250.000**
3.	**Поправки и тековно одржување на возила**	**200.000**
4.	**Набавка на гуми и резервни делови за ПП возила**	**200.000**
5.	**Набавка на техничка и заштитна опрема**	**200.000**
6.	**Регистрација на возила**	**150.000**
7.	**Набавка на ПП униформа**	**150.000**
8.	**За Обука- договорни услуги**	**30.000**
9.	**Репрезентација**	**20.000**
10.	**Контролни лекарски прегледи на пожарникарите**	**80.000**
11.	**Учество во проекти и програми**	**150.000**
12.	**Реконструкција и санација на ПП згради**	**200.000**
13.	**Надомест за материјални трошоци и Дневници за правни и физички лица- учесници во акции за гасење на пожар и други видови непогоди и несреќи**	**50.000**
14.	**Општински противпожарен сојуз**	**20.000**
15.	**Вкупно:**	**2.700.000**

Б). Расходи за заштита и спасување:

1.	**Трансфер на средства**	**40.000**
2.	**Надомест за Комисијата за процена на штета**	**200.000**
3.	**Набавка на опрема и средства**	**100.000**
4.	**Вкупно:**	**340.000**

В). Расходи за управување со кризи:

1.	**Трансфер на средства**	**60.000**
3.	**Набавка на опрема и средства**	**40.000**
4.	**Вкупно:**	**100.000**

Вкупно расходи А, Б + В: 3.140.000

V.Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ

Активностите на Територијалната противпожарна единица Велес, кои ги надминуваат границите на територијата на Општина Велес, освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Велес ќе ги помагаат и стимулираат и со:

-одбележување на Денот на пожарникарите;

-прогласување на најистакнат пожарникар во извршувањето на работните обврски при гаснењето на пожари;

-учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави и

-поддршка и учество во проектни активности

VI. Завршни одредби:

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Велес ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6278/4
15.11.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

262.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2013 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2012 година.

Број 08-6402/5
22.11.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2013 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6278/5
15.11.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр.31/98.....51/11) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2013 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

-Обезбедување активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;

- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Велес;

-Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Велес;

-Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата;

-Создавање услови за развој на културата;

-Воведување нови форми на културно изразување.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Велес;

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Велес;

-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Велес;

-Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;

-Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата.

Р. број		Рок	Носител	Мистерство за култура	Сопствени приходи	Општина Велес	Др.Извори и донации	Вкупно
	I. **МАНИФЕСТАЦИИ**							
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2013 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2012 година.

Број 08-6402/10
22.11.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2013 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6278/10
15.11.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на општина Велес („Сл.галсник на Општина Велес“ бр. 12/06,3/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2013 година

1. РАМКА НА ПРОГРАМАТА

1.1. ОСНОВА

Врз основа на востановените практики на комуникација со јавноста и вклучувањето на сите сегменти од локалната самоуправа и општинската администрација која работи во различни области на надлежност, во 2012 година комуникацијата со јавноста ја задржа динамиката од претходните години.

Генерално, во 2012 година комуникацијата со јавноста се одвиваше во соработка со локалните и националните електронски и пишани медиуми, а информациите за работата на Општина Велес беа пренесувани во вид на соопштенија за јавноста, прес конференции, брифинзи, интервјуа, изјави за новинарите, а во одделни случаи и преку спотови и презентации.

Во текот на годината беа реализирани неколку кампањи меѓу кои кампања за управување со отпад и кампања за наплата на даноци.

Комуникацијата со јавноста во Општина Велес се одвива и преку механизмите за комуникација со граѓаните како корисници на услугите меѓу кои најмногу се користи информатичката технологија, е-поштата и услугите на официјалната веб страница на Општината.

`Реализацијата на програмата беше прилагодена на динамиката на работа на медиумите и надворешните околности.

Поради флексибилната природа на програмата, во 2012 година детерминациите беа заменети со генерализација на активностите во интерес на отворањето на поголеми можности за динамична комуникација со сите целни групи.

Во текот на годината, комуникацијата со граѓаните и воопшто, сите корисници на услугите на општината се одвиваше и преку дистрибуција на флаери, брошури, организација на јавни расправи, средби со граѓани, комуникација преку урбаните и месните заедници.

Промоцијата на Општината се одвиваше и преку директни средби и комуникација на Градоначалникот и Советот на Општина Велес со претставници на значајни целни групи на домашен и меѓународен план.

Тековната реализација на Програмата за промоција и комуникација со јавноста уште повеќе ја оправдува оваа програмска определба на општината и ја наметнува потребата од стратешки пристап во комуникацијата со јавноста и промоцијата на Општина Велес.

1.1. ОПРАВДАНОСТ

Барањата на Системот за управување со квалитет базиран на меѓународниот стандард ISO 9001-2008 стандард за управување со квалитет налагаат постојано подобрување на планот на внатрешната комуникација на администрацијата и надворешната комуникација со граѓаните. Програмскиот пристап во оваа специфична област овозможува континуирано следење и анализа на комуникацијата со јавноста, зајакнување на капацитетите за промоција на општината на домашен и меѓународен план и зголемување на степенот на задоволство на корисниците на услугите.

1.1.1. Приоритетни потреби:

-Зајакнување на капацитетите за комуникација со јавноста

И во 2013 година, зајакнувањето на капацитетите на планот на комуникација со јавноста останува еден од најголемите приоритети.

Неопходна е континуирана работа на капацитетите на човечките ресурси, но и техничките капацитети неопходни за подобрување на комуникацијата со јавноста.

1.1. ОРИЕНТАЦИЈА

Во 2013 година Програмата е структурирана со 3 клучни компоненти:

-Зајакнување на комуникацијата со специфични целни групи;

-Обезбедување на повратни информации од граѓаните;

-Промоција на општината

Во однос на зајакнувањето на комуникацијата со специфични целни групи, програмата ќе вклучи анализа на потребите за воведување на специфични механизми на комуникација во зависност од видот и возраста на целната група.

Повратните информации од граѓаните ќе се обезбедат континуирано преку е-системот за комуникација со корисници на услуги кој тековно се имплементира во Општина Велес како и преку традиционалните механизми на комуникација како што се јавните расправи и средбите со граѓаните.

Промоцијата ќе претставува важен сегмент особено поради потребата за промоција и лобирање во функционалната канцеларија на ЗЕЛС во Брисел која создава можности за зајакнување на промотивните активности на локално и регионално ниво во контекст на евроинтеграциите.

Во промоцијата на општината ќе се користат востановените механизми и ќе се разгледаат можностите за воведување на иновативни механизми за промовирање на општината во Македонија и во странство.

1.4 Предложен пристап

Во 2013 година, програмата ќе го задржи пристапот на поголема флексибилност во поглед на целните групи. Програмата има генерален пристап во комуникацијата со јавноста и со флексибилноста овозможува поширок дијапазон на активности за сите целни групи како и можности за работа со нови специфични целни групи.

-Учество во комуникацијата со јавноста за сите актери во одржливиот развој на локалната заедница;

-Зајакнување на капацитетите за комуникација со медиумите;

-Зајакнување на капацитетите за промоцијата на општината;

-Искористување на повратните информации од граѓаните за примена на принципот на постојано подобрување.

2.1.1. Целни групи

-Сите граѓани корисници на услуги
-Локални и национални медиуми
-Граѓани даночни обврзници
-Урбани и месни заедници
-Локални установи
-Здруженија на граѓани
-Бизнис сектор
-Иселеници
-Туристи и посетители
-Донатори
-Меѓународни организации
-Претставници на збратимени градови и градови пријатели на Велес
-Млади
-Занаетчии
-Спортисти

2.1.3 Активности

Промоцијата и комуникацијата со јавноста ќе ги опфатат следните активности:

-Изработка и печатење на брошури
-Изработка и печатење на флаери
-Изработка и печатење на плакати
-Изработка и емитување на видео спотови
-Изработка и емитување на видео презентации
-Изработка и емитување на аудио спотови
-Изработка и емитување на аудио презентации
-Организација на јавни настани за промоција на активностите на општината
-Објавување на соопштенија за јавност

2.1.4 Очекувани резултати

-Зајакнати промотивни активности на општината
-Обезбедена адекватна поддршка за промоција на активностите и манифестациите што ги организира општината
-Зголемено учество на граѓаните во промоцијата на Општината
-Реализација на информативни кампањи, континуирано во текот на годината

Очекувани продукти

-Емитувани соопштенија, ТВ спотови и презентации
-Емитувани аудио спотови и презентации
-Расположив промотивен материјал за Општина Велес (брошури, флаери, плакати)
-Анализи

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Генерално организацијата на програмата ќе ги вклучи секторите и одделенијата во креирањето на идејни решенија за кампањите по области. Во кампањите во зависност од околностите ќе бидат вклучени претставници на различни целни групи. Генерално, во комуникацијата со јавноста ќе биде вклучена општинската администрација, Советот на Општината и раководителите на установите и јавните претпријатија во надлежност на општината.

4. ОДРЖЛИВОСТ

Востановената практика за флексибилност на програмата ја потврдува нејзината одржливост, особено на планот на континуирана комуникација со граѓаните преку медиумите, административните механизми, користењето на информатичката технологија. Во прилог на одржливоста на програмата оди и нејзиното влијание и дисеминација како добра практика во голем број општини во Македонија. За одржливоста на програмата во голема мера придонесуваат граѓаните со следењето на работата на општината, реакциите, коментарите, предлозите и идеите.

Број 07-6278/10
15.11.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

ОПИС	АКТИВНОСТ	ОПШТИНА ВЕЛЕС	ДРУГИ ИЗВОРИ ДОНАЦИИ	ВКУПНО	ВРЕМЕНСКА РАМКА
1	Изработка и печатење на брошури	300.000		300.000	Континуирано, во текот на годината и во зависност од потребите
2	Изработка и печатење на флаери	250.000	200.000	450.000	Континуирано, во текот на годината и во зависност од потребите
3	Изработка и печатење на плакати	150.000		150.000	Континуирано, во текот на годината и во зависност од потребите
4	Изработка и емитување на видео спотови	450.000		450.000	Континуирано, во текот на годината и во зависност од потребите
5	Изработка и емитување на видео презентации	350.000		350.000	Континуирано, во текот на годината и во зависност од потребите
6	Изработка и емитување на аудио спотови	150.000		150.000	Континуирано, во текот на годината и во зависност од потребите
7	Изработка и емитување на аудио презентации	200.000		200.000	Континуирано, во текот на годината и во зависност од потребите
8	Организација на јавни настани за промоција на активностите на општината	250.000	80.000	330.000	Континуирано, во текот на годината и во зависност од потребите
9	Објавување на соопштенија за јавност	400.000		400.000	Континуирано, во текот на годината и во зависност од потребите
10	Непредвидени трошоци	300.000		300.000	Во зависност од потребите
	ВКУПНО	**2.800.000**	**280.000**	**3.080.000**	

268.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2013 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2012 година.

Број 08-6402/11
22.11.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2013 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6278/11
15.11.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на општина Велес („Сл.галсник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2013 година

1. РАМКА НА ПРОГРАМАТА

1.1. ОПРАВДАНОСТ

Равојот на меѓународната соработка на планот на евроинтеграциите, вмрежувањето и зајакнувањето на постојните врски со збратимените и градовите пријатели како и проектните партнери од европските земји е континуирана заложба на Општина Велес. Реализацијата на взаемни активности и проекти и проширувањето на листата на партнери во 2012 година потврди дека меѓународната соработка може да претставува солидна основа за градење на врски помеѓу граѓаните и реализација на конкретни активности. Особено значаен за 2012 година е интересот на велешани кои студираат и работат во странство активно да се вклучат во воспоставувањето на билатерална соработка помеѓу Велес и градовите и организациите во кои работат. Покрај традиционалните взаемни посети со збратимените градови и градовите пријатели меѓу кои Слобозија-Романија, Свиштов-Бугарија, Новогард-Полска, Самобор-Хрватска, Сомбор и Ужице-Србија,Каршијака-Турција, во 2012 година интензивно се работеше на утврдувањето на приоритети и потпишување на официјални документи за соработка со градот Шербур-Октевиљ-Франција, Вараждин-Хрватска и Зеница-Босна и Херцеговина. Билатералната соработка со градот Новогард-Полска ја поттикна ССОУ „Коле Неделковски“ преку реализација на взаемни посети и активности со збратимениот училиште „Станислава Сташица“ од Новогард.

Традиционално, во меѓународните манифестации на општината се вклучија учесници од збратимените и градовите пријатели.

На планот на франкофонијата и соработката со Република Франција, продолжија активностите за реализација на оска 3 (архитектонско наследство) од Програмата за децентрализирана соработка Република Македонија-Регион Долна Нормандија.Велес за првпат воспостави соработка со здружението „АЛМА (Алзас-Македонија)“ и заеднички со АЛМА, Француската Амбасада, Францускиот Институт, Меѓународната унија на алзашани и други организации од регионот Алзас го реализираше проектот „Франкофонско катче“.

Велешките франкофони добија вредна донација од над 1600 книги на француски јазик од сите жанрови. Во разговорите со новите партнери од Алзас беше нагласено дека донацијата во книги и спортска опрема е почеток на соработка чиј фокус треба да биде развојот на агротуризмот и одржливиот економски развој на Велес и Вардарскиот плански регион.

Тековно се работи и на реализација на проектот за управување со комунален отпад во соработка со градот Шербур-Октевиљ.

По успешната реализација на проектот ИНТАКТ, во 2012 година Велес се вклучи во мрежата на меѓународниот проект ВИТ (Волонтирање и збратимување на градовите) финансиран од Програмата „Европа за Граѓаните“. Во проектот се вклучени партнери од 18 европски земји меѓу кои Латвија, Малта, Литванија, Словачка, Обединетото Кралство, Данска, Ирска и земјите традиционални партнери на Велес како Бугарија, Романија и Полска. Во рамките на проектот претставник на Општина Велес учествуваше на конференција на ВИТ мрежата во Венеција-Италија.

Општина Велес успешно се вклучи во 4-та фаза на реализацијата на проектот за зајакнување на капацитетите на противпожарната служба „ФЛОРИЈАН“ во чии рамки до крајот на 2012 година претставници од ТППЕ-Велес кои успешно ја поминаа обуката во претходната проектна фаза ќе учествуваат на двонеделна специјализирана обука во Обединетото Кралство.

Во 2012 година, Општина Велес ја прошири листата на проектни партнери од Република Грција, во рамките на „Програмата за прекугранична соработка“ финансисирана од ИПА. Општина Велес поднесе вкупно 7 апликации во областите животна средина, економски развој со фокус на поддршката на претприемништвото, земјоделството и туризмот и во областа на културата. Резултатите од процесот на аплицирање ќе бидат познати до крајот на 2012 година.

Општината ја продолжи успешната соработка со Мировниот корпус на САД преку координација на учеството на волонтери во работата на Вардарскиот плански регион и НВО секторот.

Во тек се активности за воспоставување на партнерства со Австрија преку вклучување на велешани кои живеат и работат во оваа земја.

Интензивните активности на меѓународен план и во 2012 година ја потврдија оправданоста на програмските определби на Општина Велес за континуирано зајакнување на постојните и градење на нови меѓународни партнерства кои се значајни за евроинтеграциите на Република Македонија.

Крајната цел на овие програмски определби е активното учество на граѓаните во меѓународната соработка.

1.1. ПРИОРИТЕТНИ ПОТРЕБИ

-Евроинтеграции

-Продлабочување на меѓународната соработка

Евроинтегративните процеси и во 2013 година остануваат приоритет на планот на меѓународната соработка. Во 2013 година Општина Велес ќе реализира конкретни активности во рамките на проектите финансирани од Европската Унија и ќе работи на продлабочување на соработката со збратимените, градовите пријатели и новите проектни партнери.

1.1. ПРЕДЛОЖЕН ПРИСТАП

Во 2013 година меѓународната соработка ќе ги продолжи започнатите и ќе започне нови проектни активности со меѓународните партнери. Меѓу нив приоритетни се:

-Заштитата на животната средина со фокус на управувањето со отпад;

-Развој на агротуризмот со фокус на винскиот туризам;

-Одржлив економски развој преку поттикнување на претприемништвото;

-Архитектонското наследство;

-Културата;

-Граѓанското учество;

-Противпожарната заштита и креирањето на унифициран систем за заштита на граѓаните

Програмата континуирано е насочена кон зајакнување и проширување на формираните мрежи на збратимени градови, градови пријатели и проектни партнери.

2.ОПИС НА ПРОГРАМАТА

2.1.Генерална цел:

Искористување на предностите на меѓународните мрежи на градови и реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните процеси.

2.1.1.Цели:

-Продлабочување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Велес со фокус на развојот на економијата, туризмот и заштитата на животната средина;

-Продлабочување на соработката со меѓународни граѓански организации;

-Реализација на заеднички активности и проекти од локално и регионално значење;

-Зајакнување на учеството на здруженијата на граѓани во меѓународните активности на Општина Велес;

-Зајакнување на учеството на локалните установи во меѓународните активности на Општина Велес;

-Зајакнување на абсорпционите капацитети за користење на ЕУ фондовите

2.1.1. Целни групи

-Сите граѓани на Велес и граѓаните на збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Градоначалниците, Советите на општините и менаџерските тимови во општините и градовите;

-Центарот за развој на Вардарскиот плански регион;

-Проектните партнери;

-Локални установи и јавни претпријатија;

-Здруженија на граѓани;

-Бизнис сектор;

-Медиуми;

-Потенцијални инвеститори;

-Меѓународни организации;

-Туристи и посетители;

2.1.3 Активности

Продлабочувањето на меѓународната соработка ќе ги опфати следните активности:

-Организиран престој на делегации во Велес;

-Организирани посети на претставници од Општина Велес на збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-2-ра фаза од реализацијата на Проектот за управување со отпад со збратимениот град Шербур-Октевиљ-Република Франција;

-Реализација на средби на бизнис секторот од Велес и Вардарскиот Регион со бизнис секторот од Регионот Алзас, Република Франција (Утврдување на приоритети и почеток на взаемни активности);

-Реализација на активности во рамки на оска 3 (архитектонско наследство) од Програмата за децентрализирана соработка со регионот Долна Нормандија, Република Франција;

-Реализација на активности во рамките на проектот ФЛОРИЈАН со Обединетото Кралство;

-Реализација на меѓународни проекти одобрени од ЕК и други меѓународни институции и организации;

-Поддршка на учеството на претставници на културно-уметнички друштва, здруженија на граѓани, иселеници, студентски групи, индивидуални уметници, спортисти и претставници на медиумите на значајни конференции, средби, саеми, културни и спортски манифестации;

-Поддршка на членството на бизнис секторот, НВО секторот и установите во меѓународни мрежи и организации.

2.1.4 Очекувани резултати

-Продлабочена билатерална соработка со постојните и новите меѓународни партнери;

-Реализирани организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Реализирани посети на меѓународни партнери во Велес;

-Зголемен број на меѓународни проектни апликации пред европските фондови;

-Продлабочена меѓународна соработка на ниво на општина, регион, јавни претпријатија, локални установи,бизнис сектор, граѓански организации и медиуми;

-Реализирани активности од 2-ра фаза на проектот за управување со отпад со збратимениот град Шербур-Октевиљ, Република Франција;

-Имплементирани активности во рамките на оска 3 од Програмата за децентрализирана соработка со регионот Долна Нормандија, Република Франција;

-Реализирани активности во рамките на проектот ФЛОРИАН со Обединетото Кралство;

-Имплементирани меѓународни проекти одобрени од ЕК и други меѓународни институции и организации;

-Реализирано учество на претставници на културно уметнички друштва, здруженија на граѓани, иселеници, студенти групи, индивидуални уметници, спортисти и претставници на медиумите на значајни конференции, средби, саеми, културни и спортски манифестации;

-Поддржано членството на бизнис секторот, НВО секторот и установите во меѓународни мрежи и организации.

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

На интензивирањето на меѓународната соработка покрај Градоначалникот и човечките ресурси во рамките на општинската администрација ќе учествува и Советот на Општината чии членови ќе бидат вклучени во взаемни посети и размена на искуства со збратимените градови и градовите пријатели на Велес.

Особен фокус во 2013 година програмата ќе има на учеството на претставници на бизнис секторот, јавни претпријатија, локални установи, Вардарскиот плански регион, граѓанските организации и медиумите во меѓународната соработка.

Организацијата на Програмата во континуитет ќе ги следи планираните активности.

4. ОДРЖЛИВОСТ

Воспоставената соработка, реализираните проектни активности, континуираното аплицирање пред ЕУ и други меѓународни организации и воспоставените пријателства на организациски и индивидуален план се во прилог на одржливоста на оваа програма. Од особено значење за одржливоста на програмата се постојните партнерства на бизнис заедницата и граѓанскиот сектор како и зголемениот интерес на нашите иселеници кои можат во голема мера да придонесат за зголемување на ефектите на програмата. Отворањето на новите ЕУ фондови за Македонија меѓу кои CIP програмата ги зајакнуваат можностите за одржливост и претставуваат нов предизвик за Општина Велес. Постојните и планираните меѓународни мрежи и билатерални партнерства се добра основа за континуиран развој на Програмата за меѓународна соработка и долгорочно утврдување на стратешките приоритети на планот на меѓународната соработка.

Континуитетот на повеќегодишните билатерални проекти го поттикнува развојот на програмата, а досегашните постигнати резултати одат во прилог на нејзината одржливост.

Број 07-6278/11
15.11.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

БУЏЕТ ОПИС АКТИВНОСТ		ОПШТИНА ВЕЛЕС	ДРУГИ ИЗВОРИ ДОНАЦИИ	ВКУПНО	ВРЕМЕНСКА РАМКА											
					I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII
1	Организиран престој на делегации во Велес;	150.000		150.000												
2	Организирани посети на претставници од Општина Велес на збратимените градови и градовите пријатели на Велес;	150.000		150.000												
3	2-ра фаза од реализацијата на Проектот за управување со отпад со збратимениот град Шербур-Октевиљ-Република Франција	100.000	2.378.960	2.478.960												
4	Реализација на средби на бизнис секторот од Велес и Вардарскиот Регион со бизнис секторот од Регионот Алзас Република Франција (Утврдување на приоритети и почеток на взаемни активности)	120.000	120.000	240.000												
5	Реализација на активности во рамки на оска 3 (архитектонско наследство) од Програмата за децентрализирана соработка со регионот Долна Нормандија, Република Франција.	70.000	70.000	140.000												

6	Реализација на активности во рамките на проектот ФЛОРИАН со Обединетото Кралство	65.000	120.000	185.000													
7	Имплементирани меѓународни проекти одобрени од ЕК и други меѓународни институции и организации	400.000	7.381.000	7.781.000													
8	Реализирано учество на претставници на културно уметнички друштва,здруженија на граѓани,иселеници, студенти групи, индивидуални уметници,спортисти и претставници на медиумите на значајни конференции,средби, саеми, културни и спортски манифестации	300.000	400.000	700.000													
9	Поддршка на членството на бизнис секторот, НВО секторот и установите во меѓународни мрежи и организации.	200.000		200.000													
10	Непредвидени трошоци	400.000		400.000													
	ВКУПНО	**1.955.000**	**10.469.960**	**12.424.960**													

269.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2013 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2012 година.

Број 08-6402/12
22.11.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2013 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2013 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6278/12
15.11.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 46, став 1 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” бр.82/08 и 56/10), а согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл. весник на РМ” бр. 88/09,157/09, 63/10 и 98/10), член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2012 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО 2013 ГОДИНА

ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува:

I.Просторот кој е предмет на уредување,

II.Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште,

III.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура,

IV.Изворите за финансирањето на Програмата,

V.Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште,

VI.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба,

VII.Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата,

VIII.Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти,

IX.Динамика на извршување на Програмата,

X.Преодни и завршни одредби.

I.
I.ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на просторот на Општина Велес, прогласен како градежен реон.

II.ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НАГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

II-1.Подготвителни работи и

II-2.Расчистување на градежното земјиште.

II-1.ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:

-Оформување на геодетска документација,

-Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

II-2.РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежно земјиште на градежната парцела се смета:

-Решавање на имотно правните односи,

-Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат.

-Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо.

III.ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

III-1 Основен степен на уреденост претставува опременост со :

-изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;

-изградба на електрична мрежа;

-изградба на водоводна мрежа и изградба на фекална канализација.

III-2 Дополнителна опременост на земјиштето:

-изградба на ПТТ мрежа;

-изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини (јавно зеленило, детски игралишта, спортски терени и др.) согласно урбанистичките планови;

-изградба на атмосферска канализација и

-изградба на јавно осветлување.

Секој вид од објектите од III-1 и III-2 претставува еден степен на уреденост на градежното земјиште, па доколку земјиштето е опремено со повеќе објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со повисок степен на опременост. И обратно, ако земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со понизок степен на опременост.

III-3 Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела:

а)Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:

-основни градски сообраќајници (примарни и секундарни);

-непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;

-магистрални и примарни водови за довод на вода заедно со пратечки објекти;

-магистрални и примарни водови за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти;

-градски плоштади и јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);

-изградба на јавно осветлување и

-изградба на јавно зеленило.

Овие елементи претставуваат претходни вложувања за опремувањето на градежното земјиште, а учествуваат со 20 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

б)Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:

-изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;

-изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;

-изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа, до и со приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;

-изградба на секундарни ТТ-мрежи до приклучен орман;

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште, до градежната парцела која е доделена на користење, согласно склучените договори со корисниците, ги плаќа Општина Велес, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Трошоците за уредување на градежното земјиште до градежната парцела согласно склучен договор со Општината може да ги плати и инвеститорот, правно или физичко лице.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на правни, технички услови и материјални средства.

III-4 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела:

-Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши корисникот на земјиштето(инвеститор).

-Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учеството во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од "Електростопанство - ЕВН"

-Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради, корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган, кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие. Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.

-Трошоците за преместување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектите што ги сноси корисникот на земјиштето, со исклучок на трошоците за преместување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба и користење на објектите изградени без согласност на надлежниот општински орган.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така, корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на Општината порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

IV. Извори за финансирање на Програмата

Програма за урбано планирање, комунални дејности и заштита на животната средина и природата на Општина Велес во 2013 година.

	ПРИХОДИ	Ден.
1	Средства од продажба на градежно земјиште	**15.000.000**
2	Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти	**15.000.000**
	Надоместок за легализација на бесправно изградени објекти	**10.000.000**
3	Надоместок од комунална дејност - јавна чистота	**9.000.000**
4	Средства од надоместок за користење на такси станици и автобуски постојки	**1.000.000**
5	Средства од надоместок за користење на јавно прометни површини	**1.500.000**
6	Средства од надоместок за користење на рекламни паноа	**1.600.000**
7	Средства од фондот за магистрални и регионални патишта	**7.000.000**
8	Тековни трансфери од други нивоа на власта	**20.000.000**
9	Средства од Буџетот на општината	**66.670.000**
10	Приходи од јавно осветлување	**36.000.000**
11	Приходи од домашно задолжување	**65.280.373**
	ВКУПНО:	**248.050.373**

	РАСХОДИ	**Ден.**
	ВКУПНО:	**226.530.373**
Ф	**Урбано планирање**	**16.500.000**
Ф10	**Урбанистичко планирање**	**3.000.000**
Ф20	**Уредување на градежно земјиште**	**4.500.000**
1	Надзор на изведбата на градежни објекти	1.500.000
2	Геодетски услуги (протоколи, нумерички и ажурирани пологи)	2.500.000
3	Геомеханички испитувања	500.000
Ф30	**Уредување на простор во рурални подрачја**	**3.000.000**
1	с.Оризари, с.Мамутчево, с.Бузалково, с.Црквино, Сојаклари с.Иванковци и др.	3.000.000
ФА0	**Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)**	**6.000.000**
1	Изработка на проектна документација за инфраструктура	3.000.000
	Изработка на проект за прибирање на атмосферски води во УЗ „Родна Ивева“	
	Изработка на проект за водоснабдување на село Новачани	
	Изработка на проект за улици во село Чолошево и др.	
2	Експропријација на градежно земјиште	3.000.000

Ј	**Комунални дејности**	**208.780.373**
Ј00	**Одржување на урбана опрема**	**1.500.000**
1	Фарбање на столбчиња, парапети , канделабри и огради	500.000
2	Одржување на разна урбана опрема	1.000.000
ЈН0	**Урбана опрема (капитални расходи)**	**3.100.000**
1	Набавка на урбана опрема	1.500.000
3	Ракохвати и огради	1.000.000
4	Видиковци	600.000
Ј10	**Снабдување со вода**	**1.400.000**
1	Одржување на водододни линии во населени места на територија на Општина Велес	1.000.000
2	Интервентно водоснабдување во населени места	400.000
ЈГ0	**Изградба на системи за водоснабдување**	**53.400.000**
1	Изградба на водоснабдителен систем за Езеро Младост, урбан блок 1, урбан блок 2 и урбан блок 3 со поврзување од градскиот водоводен систем	42.000.000
2	Изведба на водоводна линија на крак на „Тодор Јанев“	500.000
3	Изградба на водовод во село Црквино	6.000.000
4	Изградба на водоводна мрежа во село Сливник	4.900.000
Ј20	**Одведување и пречистување на отпадни води**	**1.500.000**
1	Чистење на канали за атмосферска канализација	500.000
2	Одржување на фекални канализации на територија на Општина Велес	1.000.000
ЈИ0	**Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**	**5.400.000**
1	Изведба на фекална канализација на крак на „Тодор Јанев“	500.000
2	Изведба на канали за прифаќање на атмосверски води	1.000.000
3	Изведба на крак за фекална канализација на улица „Наце Димов“ (100)	500.000
4	Изведба на два крака за фекална канализација во с. Сојаклари	300.000
5	Изведба на фекална канализација во Населба Отовица	1.500.000
6	Изведба на фекална канализација во село Бузалково	600.000
7	Изведба на крак за фекална канализација во село Горно Оризари	1.000.000
Ј30	**Јавно осветлување**	**18.500.000**
1	Потрошена електрична енергија	13.500.000
2	Одржување на јавно осветлување	1.500.000
3	Набавка на репро материјал	1.500.000
4	Новогодишно украсување	1.000.000
5	Замена на постојни со економични светилки	500.000
6	Дислокација на ормари надвор од трафостаница	500.000
ЈА0	**Изградба на јавно осветлување**	**31.130.373**

4	Проширување на мрежа	1.500.000
5	Реконструкција на мрежа (пратење на изградба на мрежи од страна на ЕВН)	500.000
2	Осветлување на населба Хабитат	200.000
3	Осветлување на Индустриска зона Речани	400.000
4	Осветлување на паркот и партерот пред зградата на Општина Велес	200.000
5	Осветлување на Раштански пат од „Брако“ до „Киро Ќучук“	300.000
6	Осветлување на Градски парк	600.000
7	Проширување на мрежа во населени места	500.000
8	Поставување на економични амбиентални светилки на партери, плоштади , мостови, паркови, историски споменици и други локации	800.000
9	Изведба на ново мерно место	500.000
10	Осветлување на новоизведени кружни токови	500.000
11	Проширување на мрежа за улично осветлување во село Сливник	200.000
12	Проширување на мрежа за улично осветлување во Населба Превалец (на улица „Трајко Петкановски“)	250.000
13	Проширување на мрежа за улично осветлување во село Мамутчево	150.000
14	Проширување на мрежа за улично осветлување во Башино Село	150.000
15	Проширување на мрежа за улично осветлување во Горно Оризари	150.000
16	Проширување на мрежа за улично осветлување во село Бузалково	150.000
17	Проширување на мрежа за улично осветлување на улица „Васил Иљоски“	150.000
18	Проширување на мрежа за улично осветлување на улица „Милан Војницајлија“	250.000
19	Проширување на мрежа за улично осветлување на улица „Живко Фирфов“	400.000
20	Замена на постојни со економични светилки (согласно Договор за заем)	23.280.373
J40	**Јавна чистота**	**9.500.000**
1	Реализација на Програма за јавна чистота	9.500.000
JK0	**Јавна чистота (капитални расходи)**	**0**
		0
JJ0	**Изградба на депонии за отпад**	**0**
		0
J50	**Јавен локален превоз на патници**	**0**
		0
J60	**Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај**	**15.500.000**
1	Прередување на камени коцки	1.000.000
2	Бетонирање на улици - интервентно	1.500.000
3	Бетонирање на потпорни ѕидови - интервентно	1.500.000
4	Зимско одржување на локални патишта и улици	3.000.000

5	Редовно одржување - непредвидени работи	3.000.000
6	Одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација	1.500.000
7	Чистење на банкини на територија на Општина Велес (Чистење и одржување на патен и заштитен појас на општинските патишта и улици)	800.000
8	Отстранување на последици од елементарни непогоди	1.000.000
9	Поправка на патот кон Сопот	300.000
10	Поправка на патот кон Рудник	300.000
11	Санирања на оштетувања на патот Велес – Дурутовец	500.000
12	Тампонирање на пат од Долно до Горно Караслари	500.000
13	Р'левци	300.000
14	Тампонирање на улици во Населба Отовица	300.000
ЈД0	**Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**	**41.800.000**
1	Асфалтирање на пристапен пат до село Ораовец 1,50 км	9.000.000
2	Поправка на дел од локалниот пат кон село Кумарино	500.000
3	Пробивање на улица спој на „Благој Ѓорев“ со улица „Прва Комуна“	1.000.000
4	Асфалтирање на улица „Сутјеска“	400.000
5	Асфалтирање на улица „Крсте Мисирков“	1.300.000
6	Бетонирање на два крака на улица „Наце Димов“	200.000
7	Бетонирање на дел од улица „Љубљанска“	200.000
8	Изведба на улица спој од Невена Ѓеорѓиева Дуња до спој со Жифко Фирфов	1.000.000
9	Асфалтирање на обиколен пат Велес-Башино село	1.500.000
10	Бетонирање на улица „Трајко Петкановски“	400.000
11	Бетонирање на улица „Јордан Јорданов“	300.000
12	Бетонирање на два крака во Весела Долина	300.000
13	Бетонирање на дел од улица „Анѓелко Палашев“ („Стојан Јанакиевиќ“)	300.000
14	Асфалтирање на дел од улица „Белградска“ (делот над градинката)	500.000
15	Асфалтирање на улица „Мирка Гинева“	800.000
16	Реконструкција на пат за с.С'лп и Карабуниште	600.000
17	Поплочување на тротоар на ул. „Енгелсова“ (позади СИЗОТ)	200.000
18	Реконструкција на тротоар на ул.„Сутјеска“	300.000
19	Реконструкција на тротоар на ул. „Крсте Мисирков“	600.000
20	Реконструкција на тротоар на ул. „Орце Мартинов“	300.000
21	Изведба на тротоар на ул. „Костурска“	300.000
22	Потпорен ѕид на ул. „Костурска“ 2	500.000
23	Потпорен ѕид на улица „Трајко Митев“ долг 40м	800.000
24	Потпорен ѕид на улица „Благој Ѓорев“ број 125	500.000

25	Потпорен ѕид на улица „Никола Вапцаров“	600.000
26	Потпорен ѕид на улица „Рилски Конгрес“ („Игманска“) 127	600.000
27	Изведба на тротоар на улица „Љубљанска“	800.000
28	Потпорен ѕид на улица во Населба Хабитат	1.000.000
29	Поврзување на улица „Енгелсова“ со новопроектирана пешачка патека	500.000
30	Бетонирање на дел од улица „Камка Тоцинова“	100.000
31	Поплочување на дел од улица „Киро Чауле“	800.000
32	Бетонирање на улица „Трајко Митев“	400.000
33	Изведба на скали на ул.„Јовче Чучук“ од број 20 до број 24	400.000
